Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
**Архитектонски факултет Скопје**
Партизански одреди 24
1000 Скопје, П.фах 303
тел. ++389 2 3164 974, 3116 328/102
тел./факс. ++389 2 3116 367
e-mail:dekanat@arh.ukim.edu.mk

Republic of North Macedonia
University„Ss. Cyril and Methodius"
**Faculty of Architecture Skopje**
Partizanski Odredi 24
1000 Skopje, P.o.box 303
tel. ++389 2 3164 974, 3116 328/102
tel. / fax. ++389 2 3116 367
e-mail:dekanat@arh.ukim.edu.mk

Архивски знак. 0907
Рок на чување. 1
20 22 год.
Потпис,

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет-Скопје
03 Бр. 49/2
27-1- 2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СКОПЈЕ

| Примено: 28-01-2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09 | 195/2 | | |

За: В. Ларионѕ
Датум 28.01.2020
Потпис

Предмет: Доставување Извештај за самоевалуација на Архитектонскиот факултет - Скопје

Во прилог Ви го доставуваме Извештајот самоевалуација на Архитектонскиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за периодот 2016-2019 година

Прилог:
- Извештај

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет – Скопје

Декан

Проф. д-р Огнен Марина

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
Архитектонски факултет Скопје

Доставено до:
- Архивата
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј"

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
08 Бр.6/ 30 од 24-1 2020 год.

Врз основа чл. 62 од Статутот на Архитектонскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на 44. седница одржана на 24.1.2020 година донесе

ОДЛУКА
за усвојување на Извештај за самоевалуација

I Се усвојува Извештајот за самоевалуација на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 2016-2019 година.

II Извештајот од точка I е во прилог на одлуката.

III Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Архитектонски факултет - Скопје

Декан

Проф. д-р Огнен Марина

Доставено до:
- Архивата
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
- Продеканот за настава
- Комисијата за самоевалуација
- Персоналната служба

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Архитектонски факултет

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2016-2019 ГОДИНА

- Учебна 2016/2017 година -

- Учебна 2017/2018 година -

- Учебна 2018/2019 година -

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 22.1.2020 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 49/1 | | |

Скопје
Јануари, 2020 година

СОДРЖИНА


1. ПРОЦЕС НА САМОЕВАЛУАЦИЈА
   Цели на процесот на самоевалуација
   Комисија за самоевалуација на Архитектонски факултет - Скопје
   Спроведување на процесот на самоевалуација

2. ОПИС НА ФАКЛТЕТОТ
   Историјат на Факултетот
   Организациона структура на Факултетот

3. НАСТАВНО-ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС
   Студиски програми
   Реализацијата на студиските и предметни програми
   Наставно-научен, соработнички и административен кадар
   Студенти

4. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ
   Научно-истражувачка дејност
   Апликативна дејност

5. СОРАБОТКА СО ЈАВНОСТА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
   Договори за соработка
   Академска мобилност
   Визитинг професори
   Меѓународно вмрежување

6. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ И ДЕЈНОСТИ
   Отворени предавања
   Меѓународна летна школа за архитектура
   Изложби
   Публикации
   Други промотивни активности

7. ПРОСТОРНИ И ФИНАНСИСКИ УСЛОВИ НА РАБОТЕЊЕТО
   Материјално-просторни услови на Факултетот
   Финансиско работење

8. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

## 1. ПРОЦЕС НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

### Цели на процесот на самоевалуација

Во рамките на востановениот систем на внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите (покрај развој на наставните содржини, план за реализација на наставата и извештај за степенот на реализацијата на истата, континуирана евалуација на студентите и надворешна евалуација), во процесот на самоевалуација Факултетот самостојно ги анализира и оценува постигнатите резултати на работата во сите релевантни сфери на своето делување, преку оценување на остварувањето на студиската програма на петгодишните интегрирани студии од прв и втор циклус по архитектура, преку истражување на ставовите на студентите (анонимна Анкетата за оценување на квалитетот на наставата за секој изминат семестар), како и преку согледување на состојбата со наставниот кадар, просторните услови, финансиската состојба, меѓународната соработкаи останатите активности.

### Комисија за самоевалуација на Архитектонски факултет - Скопје

Комисијата за самоевалуација при Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје е формирана со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот, донесена на неговата прва седница од 29.9.2017 година, во состав:

- Доц. д-р Марија Мано Велевска, претседател
- Проф. д-р Иванка Кировска,
- Вон. проф. д-р Дивна Пенчиќ,
- Доц. д-р Горан Мицковски и
- Доц. д-р Александар Петровски

Ваквиот состав не е целосно во согласност со Законот за високо образование и Статутот на УКИМ кои налагаат Комисијата, покрај петте претставници од наставниот кадар, да вклучи и двајца претставници од редот на студентите на Факултетот, за што причината е долгогодишното несоодветно студентско организирање во рамките на Универзитетот што не даваше легитимни претставници во органите на управување и работа на Факултетот.

По успешно спроведените студентски избори за претседател и членови на Факултетското собрание на Архитектонски факултет – Скопје, со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот, донесена на 43. седница од 16.1.2020 година, делегирани се двајца претставници од редот на студентите на Факултетот:

- Ангела Каруловска
- Александар Јанески

Покрај тоа, Проф. д-р Јасмина Сиљаноска е назначена за член на Комисијата, на местото на пензионираниот член Проф. д-р Иванка Кировска.
Со тоа, Комисијата за самоевалуација го добива конечниот и потполн состав што го верефикува Извештајот за самоевалуација на Архитектонскиот факултет за периодот 2016-2019 година, односно за учебната 2016/2017, 2017/2018, и 2018/2019 година

## Спроведување на процесот на самоевалуација

Во процесот на самоевалуација се применуваат различни методи со цел поефикасен увид во состојбите на внатрешните организациони единици на Факултетот, мислењето на студентите за реализацијата на студиската програма, како и непосредни согледувања преку податоци презентирани од факултетските служби. За реално согледување на состојбите значајно е користењето на годишните планови и годишните извештаи што се базираат на ажурноста и транспарентноста во работата на Деканатот, како и останата релевантна документација со која располага Факултетот, а особено важно е и редовното спроведувањето на студентските анкети кои продуцираат обемен материјал за перцепцијата на студентите на образовниот процес на Факултетот и условите во кои тој се одвива.

Со цел интегрирано согледување на состојбите и нивното подобрување, при оценувањето на резултатите од спроведената самоевалуација се препознаваат и се анализираат предностите, слабостите, можностите и пречките во работата на Факултетот, претставени во сегментите:
- Генерален опис на Факултетот
- Наставно-образовен процес
- Соработка со јавноста и меѓународна соработка
- Научно-истражувачка и апликативна дејност
- Останати активности и дејности на Факултетот
- Просторни и финансиски услови на работење
- Студентски анкети за оценка на квалитетот на наставата

Врз база на сето тоа, издвоени се клучните согледувања и препораки, како заклучок на овој Извештај и процесот на самоевалуација на Архитектонскиот факултет при Универзитет „Св.кирил и Методиј“ (УКИМ) во Скопје за периодот 2016-2019 година (учебна 2016/2017 година, учебна 2017/2018 година и учебна 2018/2019 година)

## 2.ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ

### Историјат на Факултетот

Архитектонскиот факултет е еден од 24-те факултети во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, најголемиот од државните Универзитети во Република Северна Македонија. Факултетот е основан во 1949 година како отсек на Техничкиот факултет при Универзитетот.

До 2004 година Факултетот е единствената високообразовна институција во земјата што подготвува кадри од областите на архитектурата и урбанизмот и од специјализирани стручни подрачја поврзани со нив.

Од своето формирање до денес, Факултетот поминува низ неколку развојни фази: Од 1949 до 1954 година образованието по архитектура се одвива на архитектонскиот отсек на Техничкиот факултет; од 1955 година Факултетот продолжува да работи како архитектонски оддел на Архитектонско-градежен факултет; за да во 1976 година неговиот архитектонскиот оддел прераснува во самостоен Архитектонски факултет.

Од учебната 2007/2008 година во рамките на прилагодувањето на студиската програма кон Болоњскиот процес и примена на Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) Факултетот работи според нова програма на единствени петгодишни студии од прв и втор циклус.

Во текот на седумдецениското постоење и работење, на Архитектонскиот факултет при УКИМ, свое образование стекнале повеќе од 6000 архитекти, урбанисти и планери. Низ времето, Архитектонски факултет преку различните студиските програми има обезбедено образование на архитекти на сите академски циклуси.

Од 1991 година, во континуитет, Архитектонскиот факултет ја организира Меѓународната летна школа за архитектура. Во работата на Летната школа во изминатите дваесетиосум години учествувале над илјада студенти и ментори, од кои околу шестотиниипедесет домашни и преку триста студенти и ментори од различни земји од Европа и светот. Треба да се истакне дека во рамките на Универзитетот, по Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Летната школа за архитектура што ја организира Архитектонскиот факултет е втора по должината на своето постоење, како комплементарна институционална форма на стекнување знаења од овој вид.

Во изминатите седум децении, преку залагањата на наставниот кадар, Архитектонскиот факултет се етаблира како институција со високи образовни стандарди која ужива углед во регионот и пошироко како високообразовна

институција што овозможува стекнување на професионални компетенции и квалитетни теориски и практични знаења од областите на архитектонското проектирање, урбанистичкото планирање и обликување, историјата на архитектурата и ревитализацијата и заштитата на градителското наследство, архитектонските конструкции, современите технологии на градење и методите на управување со процесите на проектирање и градење и вештини во областа на графичките комуникации.

## Организациона структура на Факултетот

Во организациска смисла, а за потребите на вршење на наставната и научно-истражувачката дејност, на Факултетот постојат пет институти како внатрешни организациони единици:

- Институт за архитектонско проектирање;
- Институт за урбанизам;
- Институт за високоградба;
- Институт за графички комуникации;
- Институт за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата и уметност.

За вршење на својата дејност, Факултетот има формирано Факултетска лабораторија, како и Библиотека.

Во редовна постапка, на Архитектонскиот факултет – Скопје во 2017 година е избран нов Декан кој ги има формирано сите тековни Комисии и управувачки органи. Во рамките на својата програма за промоција и поддршка на меѓународното едукациско и професионално искуство на наставниот кадар на Факултетот, со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот, во 2018 година Деканатот на Архитектонскиот факултет е проширен со трет продекан чија примарна област на делување е развојот на научната работа и меѓународната соработка.

## 3. НАСТАВНО-ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### Студиски програми

Наставата на Архитектонскиот факултет се изведува според студиска програма на единствени петгодишни студии по архитектура од прв и втор циклус, согласно Болоњскиот процес и со примена на Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС). По завршувањето на единствените петгодишни студии од прв и втор циклус, студентите стекнуваат звање магистер инженер архитект (Master of Architecture) кое согласно Законот за градење е предуслов за пристап до професијата архитект и за стекнување на овластување од Комората на овластени архитекти и овластени инженери. Правилата на студирање според програмата за интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура за периодот 2013-2018 година овозможуваат, по барање на студентот, по завршувањето на третата година на студии да се полага интермедијарен завршен испит со што се стекнува звањето Bachelor of Architecture.

Од причини за развивање, редефинирање и акредитирање на нови програми, почнувајќи од учебната 2018/2019 година, новозапишаните студенти на Архитектонскиот факултет студираат според акредитирана програма за интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура, во која се вградени благи измени и дополни во однос на претходната, што обезбедува континуитет во наставно-образовната дејност, но и неопходно прилагодување на наставата на актуелните потреби и околности.

Заради континуираниот интерес на студентите кои дипломирале според старата студиска програма за стекнување на звањето Master of Architecture, Факултетот овозможува нивно запишување во рамките на вториот циклус на единствени петгодишни студии по архитектура од прв и втор циклус.

На Факултетот моментално не постојат студии од трет циклус, но во 2018 година започна процесот на акредитација на студиска програма од трет циклус со изработка на Елаборат за студиската програма на трет циклус- докторски студии по архитектура во рамките на Докторската школа на УКИМ. Овој процес на акредитација се планира да биде завршен во текот на следната академска година со што, по неколкугодишна пауза, Факултетот повторно би ги имал сите три циклуси на студии.

### Реализацијата на студиските и предметни програми

Интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет траат пет години односно десет семестри и за нивно успешно завршување студентот треба да освои најмалку 300 кредити од

предметите предвидени со студиската програма и 4 кредити од задолжителната практика.

Во семестарот, студиската програма се реализира во тек на 19 недели во кои што се извршуваат сите активности, обврски и задолженија на наставниците и студентите утврдени со предметните програми.

Наставата во семестарот се реализира според следниот распоред:

- 15 недели предавања/вежби/студио/колоквиуми;
- 4 недели испитни сесии.

Планот за реализација на наставата по предметите со распоредот на датумите/термините за реализација на наставата заедно со предметната програма (предавања, вежби, други активности) секој наставник ги објавува на почетокот на семестарот на огласната табла на предметот и на web-страницата на Факултетот.

Студентите задолжително присуствуваат и учествуваат во сите форми на изведување на наставата предвидени со предметната програма, како што се: предавања, работа во студио, работа на вежби, интерактивна настава, теренска настава, практична работа, семинарска работа, колоквиуми, тестови, изработка на магистерскиот труд и др. Континуираното следење и оценување на резултатите од активностите се утврдува со предметната програма за секој предмет поединечно.

Севкупно, наставно-образовна дејност се изведува согласно усвоениот календар на активности на Универзитетот и Факултетот и усвоениот ангажман на наставниците и соработниците. Заради големиот број на студенти кои се запишуваат на Факултетот, неделниот распоред на активности на студентите и на наставниот кадар е густо распределен кон што допринесуваат не само кадровскиот дефицит туку и просторните ограничувања. Веќе подолг период се разгледува можноста простроот за аудиториумска настава да се дополни со адаптирање на просторот на старата универзитетска печатница, што би го користеле Архитектонскиот и Градежниот факултет за потреби на наставата. Поради сложените правно-имотни состојби во посочениот објект, Факултетот тековно разгледува можности за оспособување на други простории што се исклучиво во сопствено управување.

## Наставно-научен, соработнички и административен кадар

Од прегледот на наставно-научниот кадар, соработничкиот кадар и административниот кадар (Табела 1, Табела 2) може да се воочи дека тој старее и се намалува, додека бројот на студенти што тој ги опслужува во текот на минатите декади е ист, ако не и во благ пораст (Табела 3-5).

Покриеноста на наставата со наставно-научниот кадар на Факултетот се одвива во отежнати услови, со оглед дека вкупниот број на наставници и соработници е во континуирано намалување во подолг временски период, што се одразува неповолно на севкупниот ангажман на кадарот во различните сегменти на делувањето на институцијата. Намалениот број на наставно-научен кадар

предизвикува преоптовареност со обврски во наставата, недозволувајќи тој да биде вклучен во поголем обем во научно-истражувачката работа, научни проекти, врежување во странски релевантни институции и стручно-апликативната дејност. Таквата дејност, освен што влијае за остварување на обврските на кадарот за напредување во наставни звања, е и од суштинско значење за унапредување на квалитетот на наставата како и подобрување на услугите кон студентите и создавање висок квалитет на магистрирани студенти кои ќе дадат свој придонес во архитектонската пракса на пазарот на труд во Република Северна Македонија.

Во наставниот процес на Архитектонскиот факултет ангажирани се и демонстратори и стручњаци од праксата чиј вкупен број, треба да се забележи, е приближно ист со бројот на редовно вработениот кадар. Иако обемот на нивниот ангажман е помал, без нивното учество наставата не би можела во целост да се изведува, што е уште еден показател за потребата од обнова и зголемување на бројот на наставно-научниот кадар на Факултетот.

**Табела 1. Преглед на кадар- вработени на Архитектонскиот факултет**

| | 2016/2017 | 2017/2018 | 2018/2019 |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен и соработнички кадар** | 31 | 31 | 29 |
| Редовни професори | 10 | 10 | 10 |
| Вонредни професори | 5 | 6 | 11 |
| Доценти | 12 | 11 | 7 |
| Асистенти | 4 | 4 | 1 |
| | | | |
| **Административен кадар** | 18 | 17 | 17 |
| Високо образование | 8 | 8 | 10 |
| Средно образование | 6 | 5 | 5 |
| Основно образование | 4 | 4 | 2 |
| | | | |
| **Севкупно** | 49 | 48 | 46 |

**Табела 2. Преглед на пензионирање на членови од наставниот кадар на Факултетот**

| | 2016/2017 | 2017/2018 | 2018/2019 |
|---|---|---|---|
| Пензионирани | 1 | 2 | 1 |

Крајно намалениот број на наставен кадар наспроти бројот на редовни студенти на Архитектонскиот факултет не е одлика само на периодот 2016-2019 година, разгледуван во свој Извештај. Иако членовите на наставниот кадар на Факултетот редовно и успешно напредуваат во повисоки настано-научни звања, веќе повеќе од десет години се забележува континуирано „стареење" и намалување на бројот на наставници и соработници, додека пак бројот на запишани студенти е во благ, но постојан пораст.

Кон крајот на 2018 година, после осум години од последното вработување, Архитектонскиот факултет добива согласност, од страна на Министерството за образование и наука и Министерството за финансии, за вработување на пет соработници-асистенти. Согласно законските прописи конкурсот е реализиран од страна на Деканатот, но и покрај огромните залагања на целиот наставен кадар за успешно завршување на конкурсот, истиот не е реализиран во целост поради краткиот временски рок, како и поради непродолжувањето на согласноста за вработување во 2019 година од страна на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

## Студенти

Архитектонскиот факултет-Скопје работи според студиска програма што е акредитирана за вкупен број од 600 студенти. Бројот на слободни места при упис во интегрираните студии од прв и втор циклус е пропишан со одлука од Универзитетот и со одлука од основачот на Универзитетот врз основа на што се распишува отворен Конкурс за упис на нови студенти на УКИМ, иако тој секогаш е поголем од оној што Факултетот со предлог на Наставно-научниот совет го доставува до надлежните органи, а кој произлегува со оптимаизирање на просторните услови и кадровските состојби како основен услов за организирање на наставата соодветно на високите критериуми на квалитет што се посакувани и кон кои се стреми Архитектонскиот факултет.

И покрај постоењето на други школи за архитектура во Скопје и во Републиката, секоја година се забележува значителен интерес за студирање архитектура на Архитектонскиот факултет, што го потврдува фактот дека Факултетот останува да биде високообразовна институција со докажан и почитуван кредибилитет и квалитет.

Карактеристично за уписот на Архитектонскиот факултет е постоењето на тестот за утврдување на склоноста за студии по архитектура. Секоја година Факултетот организира демо тестирање и подготвителна настав за кандидатите-средношколци кои пројавуваат интерес за студирање на Архитектонскиот факултет при УКИМ.

По успешно спроведување на Конкурсот за упис на нови студенти, без исклучок, секоја година се пополнуваат сите распишани места за студирање во државна квота, односно во квотата со кофинансирање, а разликата во вкупниот број запишани студенти (Табела 3) низ годините се должи на различниот број на студенти кои се запишуваат во дополнителните квоти.

Табела 3. Број на запишани студенти во прв семестар според начин на финансирање

| | 2016/2017 | 2017/2018 | 2018/2019* |
|---|---|---|---|
| Државна квота | 58 | 58 | 60 |
| Еден родител | / | 4 | 4 |
| Кофинансирање | 57 | 58 | 63 |
| Не плаќа | 1 | 1 | / |
| Странци | / | 1 | / |
| Вкупно | 116 | 122 | 127 |

На Архитектонскиот факултет право на студирање имаат сите етнички групи, што се огледува и во мешовитиот состав на студентското тело по основ на националната припадност (Табела 4.), при што се почитувани квотите за упис на малцинствата.

**Табела 4. Број на запишани студенти во прв семестар според националноста**

| | 2016/2017 | 2017/2018 | 2018/2019* |
|---|---|---|---|
| Македонци | 95 | 100 | 97 |
| Срби | 2 | 3 | 5 |
| Турци | 4 | 4 | 8 |
| Албанци | 11 | 12 | 12 |
| Власи | 1 | 1 | 3 |
| Бошњаци | 2 | 1 | 1 |
| Роми | / | 1 | / |
| Се изјасниле под - друго | / | / | 1 |
| **Вкупно** | **116** | **122** | **127** |

Од анализата на структурата на студентите според нивниот пол (Табела 5.), може да се забележи доминантност на лицата од женски пол и тоа со застапеност од 74% во учебната 2016/2017 год., со 60,6% во 2017/2018 год. и со застапеност од 75,5% во учебната 2018/2019 год.

**Табела 3 Број на студенти по пол**

| | 2016/2017 | 2017/2018 | 2018/2019* |
|---|---|---|---|
| Број на женски лица | 86 | 78 | 96 |
| Број на машки лица | 30 | 44 | 31 |
| **Вкупно** | **116** | **122** | **127** |

Со цел согледување на резултатите од студиите, во самоевалуацијата на резултатите од полагањето на студентите, разгледувани се податоците од втората сесија во секоја од разгледуваните три последователни години, со оглед дека таа е најобемна сесија. Од таа анализа произлегуваат просечните вредности на резултатите од полагањето на испитите од сите предмети (Табела 6), односно просечните оценки на студентите на архитектонскиот факултет за секоја учебна година одделно: 7,67 за учебната 2016/2017, 7,5 за учебната 2017/2018, и 6,8 за учебната 2018/2019 (со напомена дека во периодот на собирање на податоците за оваа Самоевалуација не се внесенни сите резилтати од испитите во последната година)

Од преглед на просечниот успех на студентите разгледуван според начинот на нивно финансирање (Табела 6) се забележуваат приближно еднакви вредности во сите категории, што укажува на еднаква посветеност на студентите во процесот на студирање езависно од начинот на финансирање.

Просечниот успех на студентите разгледуван според националноста (Табела.7) има приближно еднакви вредности, што укажува на објективен пристап при нивното оценување, базиран на знаење.

Просечниот успех на студентите разгледуван според полот (Табела.8) има приближно еднакви вредности. Во учебната 2017/2018 год. и двата пола оствариле приближно еднакво помал просечен успех споредено со учебната 2016/2017 год

.

**Табела 6 Просечен успех на студентите според начинот на финансирање**

| | 2016/2017 | 2017/2018 | 2018/2019* |
|---|---|---|---|
| Државна квота | 7,79 | 7,6 | 7,6 |
| Еден родител | | 7,5 | 7,5 |
| Кофинансирање | 7,57 | 7,4 | 7,4 |
| Не плаќа | 7,19 | 7 | / |
| **просек** | **7,67** | **7,5** | **6,8** |
| * податоците не се целосни поради траењето на испитните сесии во текот на спроведување на самоевалуацијата | | | |

**Табела 7. Просечен успех на студентите според националноста**

| | 2016/2017 | 2017/2018 | 2018/2019* |
|---|---|---|---|
| Македонци | 7,69 | 7,51 | 6,8 |
| Срби | 7,68 | 7,88 | 7,32 |
| Турци | 6,86 | 7,3 | 6,65 |
| Албанци | 7,76 | 7,47 | 7,7 |
| Власи | 7,63 | 6,86 | |
| Бошњаци | 7,79 | 7,36 | |
| Роми | / | 7,43 | |
| **просек** | **7,67** | **7,5** | **6,8** |
| * податоците не се целосни поради траењето на испитните сесии во текот на спроведување на самоевалуацијата | | | |

**Табела 4 Просечен успех на студентите според полот**

| | 2016/2017 | 2017/2018 | 2018/2019* |
|---|---|---|---|
| Просечна оцена на женски лица | 7,7 | 6,78 | 6,95 |
| Просечна оцена на машки лица | 7,59 | 6,97 | 6,58 |
| **просек** | **7,67** | **7,5** | **6,8** |
| * податоците не се целосни поради траењето на испитните сесии во текот на спроведување на самоевалуацијата | | | |

## 4. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

И покрај исклучително обемниот ангажман на наставно-научниот кадар во наставата, во периодот 2017-2019, голем број од нив беа ангажирани во повеќе научно- истражувачки проекти, научни конференции, како и во стручни тела и проекти. Покрај индивидиалните ангажмани на членовите на наставниот кадар, Факултетот како стучна и реномирана академска институција зема активно учество во низа локални и меѓународни проекти.

### Научно-истражувачка дејност

Со оглед на ограничениот пристап до средства за научно-истражувачка работа, во разгледуваниот период (учебните 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 години), Факултетот се фокусоира на учествата во проекти финансирани во рамките на заедничките средства на Универзитетот или од страна на тела на Европската унија.

Секоја година Факултетот номинира проект на Конкурсот за доделување средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на факултетите и научните установи во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кои се развиваат во релевантни трудови: „Ре-квалификација на методологијата за програмска и физичка трансформација на постоечките станбени и деловни во „енергетски ефикасни" објекти на примерот на градот Скопје" (2016/2017), „Загрозен модернизам" (2017/2018) и „Архитектонското творештво на Живко Поповски – живот посветен на архитектурата" (2018/2019 година)

Во разгледуваниот период, Архитектонскиот факултет е активен член во меѓународниот проект ROCK (Regeneration and Optimization of Cultural Heritagein Creative and Knoledge Cities) финансиран во рамки на програмата Хоризонт 2020 на Европската комисија.

Архитектонскиот факултет е вклучен како локален партнер, ро реализација на проектот EUCANET, финансиран во рамките на програмата Europe for Citizens на EACEA.

Паралелно, продолжува активното учество и поддршка на учество на наставниот кадар од Архитектонскиот факултет – Скопје во меѓународната академска мрежа COST (Cooperation in Science and Technology) на Европската комисија.

Во периодот на разгледуваните години, Факултетот финансиски помогнал учество на повеќе од 20 наставници на меѓународни семинари, конференции и студиски патувања.

Како дел од одбележувањето на 25 годишнината од првата Летна школа по архитектура, во октомври 2016 година на Архитектонски факултет се одржа меѓународна научна конференција „Учење архитектура / Learning architecture",

на која активно учество земаа шест учесници од редот на наставниот кадар на Факултетот и тројца реномирани гости-предавачи од странство.

### Апликативна дејност

Во изминатите години, особено внимание се посветува на создавање на услови за реализација на апликативната работа на Факултетот, организирање на стручно-образовни обуки и тренинг програми за професионалци, во области релевантни за архитектонската професија. Покрај тоа, на барање на органи на локалната самоуправа, правни и физички лица Факултетот изврши повеќе консултантски услуги и изготви стручни мислења и судски вештачења од областите на сопствената експертиза.

Во периодот 2017-2019 за потребите на Факултетот формирани се работни групи и изработени се проекти за обнова на опожарениот дел од зградата на Архитектонскиот факултет во Скопје, како и проекти за реконструкција на останати наставни простори во рамките на факултетската зграда. Исто така, формирана е работна група за изработка на проект за пристапност на Архитектонскиот факултрет за лица со посебни потреби.

Во периодот 2017-2018 година, потпишани се договори и реализирана е соработка со Медицинскиот факултет, Фармацевтскиот факултет и Мачинскиот факултет при УКИМ во Скопје, во рамки на која изработени се апликативни проекти од страна на Архитектонскиот факултет.

Потпишани се и реализирани договори за изработка на стручни студии со УНДП во Скопје и УН ХАБИТАТ во Приштина, Косово во доменот на одржлив уран развој, развој на одржливи решенија за справување климатските промени и анализа на одржливоста на јавниот простор.

Во октомври и ноември 2018 година, Архитектонскиот факултет реализираше обука за професионалци од областа на одржливост, енергетска ефикасност во архитектонските објекти и обновливи извори на енергија.

Преку овие ангажмани на наставниците, Архитектонскиот факултет постепено ја реафирмира својата експертска улога во општествените текови и во преносот на знаења и добри практики во локалната и меѓународната заедница, потврдувајќи ја својата општествена одговорност како активен креатор на политики за одржлив развој на градовите и општреството.

## 5. СОРАБОТКА СО ЈАВНОСТА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Покрај својата позиција во академската заедница, Архитектонскиот факултет постојано работи и на градење и одржување на својата позиција во пошироката општествена и стручната јавност. Во таа смисла, во разгледуваниот период (учебните 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 години), Факултетот реализираше активности за зголемување на својата општествена, научна и стручна улога преку градење на стратешки локални и меѓународни партнерства, промоција и имплементација на научно-образовни и стручно образовни програми и активности, работа на научни проекти и изработка на стручни студии и проекти.

**Договори за соработка**

Во изминатиот период Архитектонскиот факултет потпиша МЕморандуми за разбирање и соработка со Општина Крива Паланка, Општина Делчево, Општина Охрид, Општина Кавадарци, Општина Куманово, Општина Кратово, Општина Кочани, Општина Чаир, Општина Центар и Град Скопје

Факултетот исто така потпиша Меморандум за соработка и со Медицинскиот факултет и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при УКИМ во СКопје, како и со Хабитат Македонија.

Врз основа на потпишаните договори за соработка со единиците на локалната самоуправа овозможено е воведување и обработка на теми и задачи во архитектонските и урбанистичките студија кои се од важност за развојот на локалните заедници во градовите и селата во земјата.

Во изминатиот период Факултетот ја продолжи својата воспоставена комуникација со факултетите по архитектура во регионот и многу пошироко. Како резултат на меѓународната соработка на Факултетот во овој период се остварија низа формални и неформални средби со претставници на универзитети и факултети, организации и поединци со намера да се испитаат можностите и начините на меѓусебна соработка со Архитектонскиот факултет. Остварени се средби со претставници на: Архитектонски факултет на Универзитетот во Белград, Србија; Школата за архитектура при Факултетот за инженерство на Универзитетот Аристотел во Солун, Грција; Медитеранскиот универзитет во Реџо Калабрија, Италија; Факултетот за архитектура и дизајн во Осло (АНО), Норвешка; Институт за архиутектура од Десау, Универзитет за применети науки Анхалт, Германија; Универзитетот во Саракуза, САД.

Со тоа се продолжуваат напорите на Факултетот за остварување на соработки со што повеќе факултети. До сега, Архитектонски факултет - Скопје има голем број

на меѓународни и регионални партнери со кои има склучено договори за соработка:

- Politecnico di Torino, Torino, Italy
- Univerza v Ljubljani – Fakulteta za arhitekturo, Ljubljana, Slovenia
- "Ion Mincu" University of Architecture and Urbanism, Bucharest, Romania
- Academy of Arts, Architecture and Design in Prague, Prague, Czech Republic
- Universidad de Sevilla, Sevilla, Spain
- Sveučilište u Zagrebu Arhitektonski fakultet, Zagreb, Croatia
- Faculty of Architecture, University of Belgrade, Belgrade, Serbia

Во рамките на ERASMUS+ програмата за академска мобилност, Архитектонски факултет - Скопје има склучени билатерални договори со следните партнерски Универзитети:

- Politecnico di Torino, Torino, Italy
- University of the Basque Country, Faculty of Architecture, Bilbao, Spain
- Uniuversitat Ramon Llull, Faculty of Architecture, Barcelona, Spain
- Universita degli Studi di Roma, Faculty of Architecture, Rome, Italy

**Академска мобилност**

Архитектонскиот факулте – Скопје во континуитет ги поддржува своите студенти, како и наставниот кадар, во реализацијата на студиски престои и академска мобилност, со цел овозможување на меѓународно искусво и развивање на меѓународната академска заедница. За таа цел, во учебната 2018/2019 година двајца студенти од архитектонскиот факултет – Скопје остварија студиски престои во рамките на пограмата Еразмус+ за мобилност, односно во рамките на програмата Еразмус+ за летна студентска пракса, а еден наставник од редот на наставниот кадар н аАрхитетонскиот факулте – Скопје оствари посета на Политехника во Торино, Италијаво рамки на програмата Еразмус+ за мобилност на наставен кадар.

Во текот на 2017/2018 и на 2018/2019 година, на Архитектонскиот факултет престојуваше еден наставник-истражувач и вкупно два студенти (од Архитектонскиот факултет при Политехничкиот универзитет во Торино, односно Архитектонскиот факултет на Медитеранскиот Универзитет во Реџо Калабрија, Италија).

**Визитинг професори**

Успешно е реализирана соработката со повеќе факултети на Универзитетот од кои одреден број наставници учествува во изведувањето на наставата по дел од задолжителните и изборните предмети од студиската програма.

Исто така, дел од наставниците на Архитектонскиот факултет, излегуваат во пресрет на барањата на други факултети од УКИМ за изведување на наставата на предмети од областа на нивната научна и стручна експертиза.

Согласно со програмата за визитинг професори од меѓународно рангирани универзитети и за потребите на Архитектонскиот факултет поканети се визитинг

професори за извршување високообразовна дејност на Факултетот за секоја од разгледуваните учебни години во овој Извештај.

Меѓународно вмрежување

Покрај директните соработки со наставници и институции во областа на архитектурата, Факултетот активно работи на вмрежувањето како форма на организирано влијание и делување.

Од 2017 година, Архитектонскиот факултет – Скопје стана полноправен член на EAAE (Европска асоцијација за архитектонско образование) и на DOCOMOMO (Меѓународен комитет за документирање и конзервација на објекти, места и соседства од Модернизмот).

Во 2019 година, Архитектонскиот факулте – Скопје ја поддржа EACA македонија (Европската асоцијација на студенти по архитектура) и организацијата на средбата на EACA националните контакти одржана во с.Тпејца кај Охрид, Македонија.

## 6. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ И ДЕЛНОСТИ

Во рамките на активностите комплементарни со наставно-образовниот процес, Факултетот редовно организира и поддржува вонпаставни активности, како предавања за студентите и пошироката јавност со предавачи од земјата и странство, работилници вон редовните наставни обврски, изложби во просторите на Факултетот или во местата кои се предмет на интерес во проекти работени во рамките на наставата или работилниците.

### Отворени предавања

Паралелно со задолжителниот академски курикулум, Архитектонскиот факултет – Скопје континуирано развива опаралелна програма, организирајќи низа јавни излагања и претсавувања на домашни истрански предавачи како платформа за изучување и критичко согледување на релевантни теми од современата архитектонска теорија и пракса. Со убедување дека архитектурата како културн аи социјална активност секогаш има потреба од оиглед од надвор, редовно се поканувaат гости- архитекти однадвор, како и претставници на други дисциплини.

Со почеток на учебната 2017/2018 година, на Факултетот е воспоставена образовната платформа „Нови Дијалози", замислена како серија од јавни излагања што претставува паралелна програма што ја дополнува формалното образование на Факултетот. Излагањата на гостите се тематизирани на начин да допрат различни аспекти од учењето, практикувањето и толкувањето на архитектурата, со што се анимира поширок круг на стручна и културна публика кон Факултетот. Додека во учебната 2016/2017 година се одржаа вкупно 10 предавања од различни гости-предавачи, во рамките на вонпаставната платформа „Нови диалози", се реализираа вкупно 29 излагања во текот на 2017/2018 година, односно вкупно 20 во учебната 2018/2019 година, тематизирани во повеќе програмски категории: „360", „Талент", „Практископ", Фактотум", „Архитектура", „Кадар", „Вонредни сесии" и „Филм".

### Меѓународна летна школа за архитектура

Од 1991 година, Архитектонскиот факултет во континуитет ја организира Меѓународната летна школа за архитектура. Првите 26 сесии (до 2017 година) Летната школа традиционално се одржуваше во Манастирот Св.Јоаким Осоговски кај Крива Паланка, додека следните две (2018 и 2019 година) се одржаа во с.Лазарополе. Во продолжение на воспоставениот формат, секоја сесија се реализира на одредена тема, зададена и водена од гостин-тутор, секогаш реномирани архитекти и/или архитектонски педагози: „Чувство за

дом", работилница со Алеш Водопивец (2017 година); „Игра", работилница со Михаел Фон Матушка, Јурген Пацак-Пор и Конор Молони од бирото BAR Architekten, Берлин (2018 година); „Конфигурација", работилница со Дугал Шеридан и Диардри Мек-Менамин од архитектонското биро LID Architecture, Летеркени/Белфаст/Берлин (2019 година). Во последните три сесии, на Летната школа за архитектура, активно учество земаа и вкулно 77 студенти од Македонија и од странство.

### Изложби

Како дел од политиката на отворање кон јавноста, особено стручната, продолжи востановената практика по завршувањето на зимскиот и летниот семестар да се организира Изложба на студентски трудови од архитектонските студија (ИАС) во просториите на Архитектонскиот факултет во Скопје што овозможува увид на студентите и на јавноста во резултатите од работата во различните студиски години, нивна компарација, како и транспарентност на резултатите од наставниот процес – вкупно 6 изложби од ИАС09 за зимскиот семестар 2016/2017 во јануари 2017 година до ИАС14 за летниот семестар 2018/2019 во јуни 2019 година, сите на Архитектонски факултет во Скопје.

Покрај тоа, во изминатиот период, на Архитектонскиот факулте беа организирани и реализирани изложби на студентски трудови произлезени од различни сегменти на настава на Факултетот, а и изложбите „Полска. Нов јавен живот" и „Синагогите на Источна средна Европа 1782-1944, како пратечки настан во рамки на гостински предавања на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Во последните две години особено се интензивираа изложби на студенски трудови надвор од зградата на Факултетот, што е производ на соработка со локална самоуправа или институција, но секој случај афирмирајќи ја работата на Факултетот помеѓу пошироката публика- вкупно 12 претставувања во Скопје и во други градови низ земјата, меѓу кои и учество во БИСТА 2018- Биенале на студентите по архитектура во просториите на Националната галерија на Македионија- Мала станица во Скопје.

### Публикации

Како дел од пратечките дојности на Факултетот, Архитектонскиот факултет негува публицистичка активност.

Заклучно со ИАС10- Изложбата на студија на Архитектонскиот факултет од летниот семестар 2016/2017, Факултетот организираше и реализираше издавање на публикација/каталог за претходните 6 од организираните изложби на
архитектонските студија.

Во разгледуваниот период (за учебна 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година) Архитектонскиот факултет редовно издава публикации поврзани со својата наставно-образовната дејност. Во 2017 година стартува програмата „Студио во фокус" при што Факултетот поддржува едно печатено издание што ја публикува

работата во одредено студио, додека следната 2018 година оваа програма се проширува во едиција „Проекти“ со што можноста за публикување се доближува до поголем број на активности во рамки на наставно-образовната дејност на Факултетот.

Во октомври 2017 година беше издадено и 10-тото, и до сега последно, издание на АРХИ.ТЕК- бесплатна месечна публикација на Архитектонскиот факултет што се издаваше во текот на 18 месеци.

**Други промотивни активности**

Во рамки на програмата на Архитектонскиот факултет – Скопје за промоција и стимулација на дисеминација на знаења стекнати низ наставно-научната работа на наставниците н аФакултетот се организирани, односно се поддржувани повеќе активности на студентите и наставниот кадар.

Се доделуваат нагрди, како наградата „Тигрите“ (во соработка со Амбасадата на Република Полска во Скопје), или наградите за најдобар студентски проект од секоја година презентирани на Изложбата на архитектонскиоте студија (ИАС) на Архитектонскиот факултет, како и наградата „Гоце Аџи Митрески“.

Со цел унапредување на практичните искуства на студентите по архитектура и нивното вклучување во решавање на професионални задачи, а кои се од интерес на локалната деловна и граѓанска заедница, се организирани и подржани низа студентски конкурси и работилници.

За промоција на образовниот и педагошкиот процес на Факултетот во насока на привлекување потенцијални студенти, се одржуваат јавни презентации во амките на „Отворените денови“ на Универзитетот, како и самостојно во највисокорангираните средни училишта во градот Скопје.

Работата на Архитектонскиот факултет пред стручната и пошироката јавност е промовирана и пфреку неговите дигитални комуникациски канали- веб страницата и фејсбук профил на Факултетот.

## 7. ПРОСТОРНИ И ФИНАНСИСКИ УСЛОВИ НА РАБОТЕЊЕТО

### Материјално-просторни услови на Факултетот

Архитектонски факултет – Скопје располага со вкупно (бруто) 4516 m2 простор наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност. Тоа вклучува: амфитеатар со 180 седишта, 9 предавални-училници со вкупен капацитет од 600 лица, лабораторија за компјутери и информатички технологии со 20 седишта, работилница за практична настава (моделарство) со 20 седишта и лабораторија за научно-истражувачка работа. Опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност на Факултетот се состои од компјутерска опрема, проектори, машина за обработка на дрво и машина за обработка на стиропор.

Ваквата квантитативна состојба одговара на основните портеби за работа на Факултетот и одржување на наставно-научните процоси. Со оглед на староста на објектот и инвентарот, Факултетот прави напори тековно да ги следи и подобрува условите за работа и настава.

Ако во учебната 2016/2017 година Факултетот со средства за тековно одржување, покрај редовните набавки и одржување на опремата, библиотечниот фонд и останати материјални и комунални трошоци, реализираше неколку зафати за реконстгрукција и адаптација на дел од работните простории со нов инвентар, од 2017 година превземени се повеќе активности за уредување на просторот за реализација на наставата со што се унапредени условите за студирање на Факултетот.

За потребите на студентите и Факултетот, во соработка со компанијата „Фејдом", во 2017 година, уреден е просторот наречен „Сквер" за изведување на презентации, заеднички собири и активности од различен формат во текот на академската година.

Во 2017 година започнаа и во извесна мера се завршија и други активности за обнова на наставниот простор:

- Во реновирањето на Големата сама на Архитектонскиот факултет, најпрво извршена е целосна реконструкција на наставниот простор и промена на електричната инсталација, а во 2019 година е поставен и систем за климатизација;
- Реконструкција на дел од кровот зафатен во пожарот од ноември 2017 година со реконструкција на коридорот што ги поврзува северното и јужното крило на Факултетот – покрај градежните работи поврзани со поставување на нова челична кровна конструкција и поставување на ковна покривка, комплетно се заменети електичната инсталација, столаријата и грејните тела, поставени се нови расветни тела и набавена е нова канцелариска опрема. Со сите овие постапки, просторот што пред пожарот беше користен како канцеларии и тесен коридор, сега е пренаменет во отворен простор за работа на студенти и помал затворен дел наменет за предавања.

- Реконструкција на галеријата „Коридор" со поставување на нов под
- Реновирање на Ателјето на Архитектонски факултет со замена на електричната инсталација.
- Кон крајот на учебната 2018/2019 година започнаа и активностите за реновирање на амфитеатарот на Архитектонски факултет, со заменување на ѕидните облоги во елот за предавачите, замена на влезните врати и поставување на систем за климатизација- дел од овие активности се уште се во тек, а предвидени се и дополнителни чекори за целосно опремување и уредување на Амфитеатарот.

**Финансиско работење**

Успешното водење и управување на Факултетот е реализирано во рамките на финансиските можности, и покрај редуцираните човечки ресурси, намалените можности за административна и финансиска поддршка за реализација на наставата.

Преку навремено планирање и координирање на наставните активности (одржувањее на наставата, студиските патувања и изложбите), воспоставена е функционална врска помеѓу планираните годишни наставно-научни и други активности со буџето на Факултетот.

Покрај сопствените финансиски средства, преку Деканатот, се обезбедени значителни средства за покривање на дел од материјалните трошоци на студентите и на Факултетот:

Со финансиски средства од ИКСА фондовите на Универзитетот помогнато е одржувањето на семестралните изложби на архитектонските студија во учебната 2017/2018 и 2018/2019 година (ИАС11, ИАС12, ИАС13, ИАС14) организирани од Факултетот и реализирани во неговиот сопствен простор.

Од ИКСА фондовите на Универзитетот во целост се покриени и трошоците околу сместувањето и учеството на студентите од Архитектонскиот факултет – Скопје во Летната школа за архитектура, во нејзините две последни сесии (2018 и 2019 година).Додека пак, наменски добиените средства за работа на Летната школа за архитектура- сесија 2018, односно Летната школа за архитектура -сесија 2019, од страна на Универзитетот од фондот за интегративни функции, како и финансиските средства обезбедени од Министерството за култура, ги покрија трошоците поврзани материјалните потреби за работа и гостувањето на туторите од странство.

Голем дел од активностите што се однесуваат на реконструкција и обнова на наставниот простор, се остварени со наменски добиени средства обезбедени од капиталните инвестиции на Министерството за образование и наука, односно солидарниот фонд на Универзитетот, односно средства обезбедени од самофинансирачки активности на Факултетот.

Треба да се истакне дека најголем дел од изведените работи околу подобрувањето на условите за изведување на наставата се остварени со големо залагање и несебична поддршка на поединци од наставниот кадар на Архитектонскиот факултет – Скопје.

# 7. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТИРАЊЕТО НА СТУДЕНТИТЕ

Со анкетата се оценува работата на предметните наставници и на наставниците исоработниците вклучени во изведувањето на вежбите, со што е обезбедена диференцирана слика за квалитетот на целокупната настава по предметите. Анкетите содржат прашања поврзани со: Достапност за консултации и комуникација; Квалитет на изведување на наставата и начин на изложување на наставната материја; Корисност на графичките вежби; Објективност при оценувањето; Обезбедување на соодветен материјал за учење; Однос кон студентот; Подготвеност за предавањата/вежбите; Редовност на часовите и рационално искористување на времето; Тежина на барањата по предметот и испитот; Усогласеност на вежбите со предавањата и нивна временска координација; Присуство на студентот на наставата.

За поефикасно спроведување и средување на податоците од студентските анкети, од 2015 година Факултетот користи софтвер што им овозможува на студентите процесот на анкетирање да го спроведат анонимно, преку интернет, а резултатите се генерираат во Извештај за секој поединечен учесник во наставата, за секој поединечен предмет.

- Резултатите презентирани во **Извештајот од Анкетата за оценување на квалитетот на наставата во летниот семестар од учебната 2016/2017 година** се базираат на вкупно 39.670 валидирани прашања. Оценките кои произлегуваат од Анкетата укажуваат на високо ниво на квалитет на наставата и наставниот кадар, варирајќи од 7.2 (најмала вредност) до 9.9 (највисока вредност), на скала од 5 (најниска вредност) до 10 (највисока вредност)

- Резултатите презентирани во **Извештајот од Анкетата за оценување на квалитетот на наставата во зимскиот семестар од учебната 2017/2018 година** се базираат на вкупно 38.175 валидирани прашања. Оценките кои произлегуваат од Анкетата укажуваат на високо ниво на квалитет на наставата и наставниот кадар, варирајќи од 7.1 (најмала вредност) до 10.0 (највисока вредност), односно со просечна вредност од 9.2.

- Резултатите презентирани во **Извештајот од Анкетата за оценување на квалитетот на наставата во летниот семестар од учебната 2017/2018 година** се базираат на вкупно 43.282 валидирани прашања од вкупно 56.077 одговорени прашања преку компјутерскиот систем на анкетирање (разликата се должи на непредадени листи и/или нечитливо испечатени листи со бар-код за

валидирање на анкетите). Оценките кои произлегуваат од Анкетата укажуваат на високо ниво на квалитет на наставата и наставниот кадар, варирајќи од 7.59 (најмала вредност) до 10.0 (највисока вредност), односно со просечна вредност од 9.06. Додека пак, резултатите од анкетите изработени за ангажираните соработниците во наставата се движат помеѓу 8.15 (најмала вредност) и 10.0 (највисока вредност),со просечна вредност од 9.28.

- Резултатите презентирани во **Извештајот од Анкетата за оценување на квалитетот на наставата во зимскиот семестар од учебната 2018/2019 година** се базираат на вкупно 44.815 валидирани прашања од вкупно 65.829 одговорени прашања преку компјутерскиот систем на анонимно анкетирање (разликата се должи на непредадени листи и/или нечитливо испечатени листи со бар-код за валидирање на анкетите). Оценките кои произлегуваат од Анкетата укажуваат на високо ниво на квалитет на наставата и наставниот кадар, варирајќи од 7.38(најмала вредност) до 10.0 (највисока вредност), односно со просечна вредност од 9.24. Резултатите за деветмина од ангажираните соработниците во наставата варираат од 8.15 (најмала вредност) до 9.92 (највисока вредност), со просечна вредност од 8.35.

- Резултатите презентирани во **Извештајот од Анкетата за оценување на квалитетот на наставата во летниот семестар од учебната 2018/2019 година** се во процес на обработка и истите ќе бидат доставени до Деканатот и ќе бидат објавени на веб-страната на Факултетот во најскоро време.

## 8. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Заклучоците и препораките кои беа резултат на спроведената самоевалуација можат да се синтетизираат на следниот начин:

- Во сите студиски години наставата се спроведува согласно предметните програми со висок степен на квалитет, редовност и континуирано надградување. Покриеноста на наставата со постојниот кадар на Факултетот се одвива во отежнати услови, зашто вкупниот број на наставници и соработници е во континуирано намалување во подолг временски период, што се одразува неповолно на севкупниот ангажман на кадарот во различните сегменти на делувањето на институцијата. Намаленист број на наставно-научен кадар предизвикува преоптовареност со обврски во наставата што директно го редуцира расположливото време за поголема ангажираност во научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност што има непосредно влијание врз исполнувањето на критериумите за напредување во наставни и повисоки наставни звања. Постои изразена потреба за нови вработувања заради евидентното „стареење" на наставно-научниот кадар во услови на недостаток на негова редовна замена, што во иднина ќе да доведе до колапс на системот, доколку не започне процес на обновување на кадарот.
- Постојниот научен ангажман првенствено се темели на учеството во меѓународни проекти и програми каде финансирањето е обезбедено од странски извори. Финансиските средства што ги обезбедуваат Универзитетот и Факултетот се недоволни за позначајна научно-истражувачка дејност, па ревидирањето на политиката на поттикнување на научните истражувања со средства од буџетот е неопходна за позначајни научни достигнувања.
- Потребни се позначајни инвестиции во подобрувањето на условите за работа на факултетот. Иако во изминатите години, првенствено со сопствени средства, се направени повеќе зафати за подобрување на просторните услови за одвивање на наставата, заради ограничените просторни можности и новите форми на настава потребно е да се обезбедат и други современо опремени простории за различните видови настава, што ќе овозможи подобро организирање на наставните активности и порационално искористување на времето.
- Архитектонскиот факултет останува посветен на својата основна дејност, во промовирање на своите научни, образовни и професионални достигнувања, како и вредносните критериуми што ја обликуваат професијата архитект.

Комисија за самоевалуација на Архитектонскиот факултет

Доц. д-р Марија Мано Велевска, претседател ______________________

Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, член ______________________

Вон. проф. д-р Дивна Пенчиќ, член ______________________

Доц. д-р Горан Мицковски, член ______________________

Доц. д-р Александар Петровски, член ______________________

Ангела Каруловска, студент, член ______________________

Александар Јанески студент, член ______________________